Предлог

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за Локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09,18/10 ,15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на __12.2022 година донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија во 2022 година

## I. Цели

Активностите во програмата на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ), во текот на 2022 година ќе бидат насочени кон обезбедување на континуитет во работата и надградба на Информатичкиот систем, остварување на целите дефинирани во рамки стратешките документи, планирање и усогласување со националните стратегии за ИКТ.

Стратешките цели се дефинирани во неколку приоритетни области, од кои најважни се:

- намалување на трошоците во работењето;
- подобрување на квалитетот на услугите.

Главните активности кои треба да придонесат за остварување на стратешките цели се поделени во неколку сегменти:

- континуирано одржување на целокупната оперативност на информатичко - комуникацискиот систем на општината;
- постојано модернизирање на хардверската инфраструктура и примена на современи алатки за подобрување на тековното работење;
- создавање на услови и креирање на еднонасочни и двонасочни услуги за граѓаните базирани на примена на светските стандарди во оваа област.

## II. Активности

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и локалните развојни стратегии. Во реализацијата на проектните активности искористено е стекнатото искуство на општината во областа на ИКТ.

Дел од проектите, вклучуваат:

| | Активности на Општина Велес за 2022 година | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **ЕА** | **Набавка на софтвер и хардвер** | |
| 1 | Набавка на информартичка опрема (компјутери, сервери, принтери, мрежна опрема ...) | 1.500.000 |
| 2 | Набавка на софтвер за заштита (лиценца 3 годишна) | 600.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Набавка на софтвер и лиценци (Office / SQL) | 500.000 |
| **Е0** | **Тековно одржување** | |
| 1 | Тековно одржување или надградби на хардвер и системски софтвер (Server, Exchange, SQL, докуп на гаранција за принтери) | 1.000.000 |
| 2 | Софтвер за мрежна заштита- надградба на постоечки и поддршка за 3 години | 600.000 |
| 3 | Трошоци за одржување на апликации од трети лица, хостирање и хостирани услуги (gohost / marnet / edusoft / mbs / foxit …) | 650.000 |
| 4 | Набавка на ГИС услуги за Општина Велес | 800.000 |
| | **Вкупно** | **5.650.000** |

## III. Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од **5.650.000** ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2022 година.

## IV. Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2022 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Образложение

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2022 година ги опфаќа целите, активностите и надлежностите на Општина Велес во сферата на Информатичкиот систем кој го поседува општината.

Согласно трендот на зголемување на користењето на ИКТ во секојдневното работење како основно средство за работа се јавува потребата за континуирано проширување и надградба на информатичкиот систем. Генерално, наведените активности се продолжување на започнатите активности во претходната година и континуирани секојдневни активности во зависност од тековните потреби.

Надградбата на серверските платформи, како и процесот на миграција и надградба на нови верзии на целиот информатички систем е започната и ќе продолжи во континуитет. Во однос на безбедноста на информатичкиот систем и овозможување на континуирано работење на општината посветува посебно внимание на оваа тема. Планирано и обновување на застарениот хардвер и софтвер кој се користи во општината. Планирано е имплементирање на онлајн услуги кон граѓаните и правните субјекти на Општина Велес.

Предлог програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2021 година, е останата непроменета во однос на онаа дадена во нацрт расправите, затоа што немаше никакви предлози и иницијативи за промени.